***вести-информации***

# ВИДУВАЊАТА И ПОРАКИТЕ ОД СВЕТСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ОДРЖАНА ВО САЛАМАНКА-ЗНАЧАЕН ПРИЛОГ КОН СОВЕСТА НА ЧОВЕШТВОТО

Од 7 до 10 јуни 1994 година во Саламанка-Шпанија, во организација на Владата на Шпанија, а со соработка на УНЕСКО се одржа СВЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА за потребите од специјално образование: достапност и квалитет. На Конференцијата присуствуваа над 300 учесници од 92 земји и 25 интернационални организации.

На Конференцијата беа усвоени два исклучително значајни документи што ги детерминираат современите фундаментални претпоставки за организирање и градење на соодветен систем на специјалното образование во сите земји на светот. Имено тие документи се Извештајот од Саламанка за принципите, политиката и практиката во специјалното образование и нацрт активности за специјалното образование.

Во извештајот е даден повик до сите влади како и Меѓународната заедница и нејзините организации и сите други невладини организации, да го поддржат развојот на специјалното образование како интегрален дел на сите образовни програми, апелирајќи на соработка и соодветен придонес на специјалното образование.

Нацрт активностите за специјалното образование има мошне широко значење гледано од политички, правен, организационен и стручен аспект. Нацртот се состои од три дела и тоа:

I. **Нови размислувања за специјалното образование**

II. **Упатства за активности на национално ниво (политика и организација; училишни фактори; вработување и обука на образовен персонал; служби за помош од надвор; приоритетни области; можности на заедницата; потребни средства)**

III. **Упатства за активности на регионално и меѓународно ниво**

Од содржината на овие документи пред сé и над сé извира потребата за акција односно за реализација, бидејќи во нив нема многу простор за дилеми и енигми. Во таа смисла присутните надежи ќе се покажат како реални со евалуацијата на резултатите од нив што ќе бидат презентирани на една наредна ваква СВЕТСКА КОНФЕРЕНЦИЈА.